АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

Врз основа на член 7, алинеја 9 од Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник" на Република Македонија број 72/07 и 5/09), Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руалниот развој го објавува следниот

**Ј А В Е Н  П О В И К  б р . 0 4 / 2 0 1 3**
**за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година**

## I. ПРЕДМЕТ НА ОГЛАСОТ

Предмет на овој оглас е доделување на финансиска поддршка за следнава мерка:

| *Код на мерка* | *Назив на мерката* | *Максимална вредност на прифатливи трошоци* |
|---|---|---|
| *121* | ***Инвестиции за модернизација на земјоделските стопанства*** | |
| 1 | Набавка на добиток од признати организации на одгледувачи на добиток од Република Македонија и од увоз<br>- набавка на високостелни педигрирани јуници (со иклучок на јуници од расата Буша)<br>- набавка на педигрирани машки приплодни грла овци (оригинални и репродуктивни)<br>- набавка на педигрирани машки приплодни грла кози (оригинални и репродуктивни)<br>- набавка на педигрирани свињи (нерези и назимки) – оригинали и хибриди | **до 6.500.000 денари прифатливи трошоци по поединечен корисник** |
| 2 | Набавка на пчелни матици од регистрирано одгледувалиште | **до 600.000 денари прифатливи трошоци по поединечен корисник** |
| 3 | Подигнување на нови лозови и овошни насади и медоносна флора (фацелија, еводија и багрем) на нови површини | **до 2.500.000 денари прифатливи трошоци по поединечен корисник** |

## II. КОРИСНИЦИ

Право на користење на средства имаат следните субјекти, и тоа:

| *Субјекти* | *Код на мерка* |
|---|---|
| Земјоделски стопанства запишани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства (ЕРЗС) во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, согласно Закон за земјоделство и рурален развој | *Мерка 121* |

## III. ВИСИНА НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

Средствата се наменети за набавка на добиток во периодот од 1 мај до 31 декември во претходната година од годината за која е донесена Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година како и за тековната година.

Средствата се наменети за подигнати лозови и овошни насади и медоносна флора (фацелија, еводија и багрем) на нови површини во периодот од 1 септември до 31 декември во претходната година од годината

за која е донесена Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година како и за тековната година.

Средствата се наменети за набавка на пчелни матици од регистрирано одгледувалиште.

За Мерка 121, финансиската поддршка се исплаќа по принцип на ко-финансирање на завршени и исплатени инвестиции од страна на корисникот во висина од 50% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци за инвестиции.

## IV. УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА И ДОКУМЕНТАЦИЈА КОЈА СЕ ПОДНЕСУВА

Барањата се доставуваат во оригален примерок.

Условите кои треба да ги исполнуваат барателите на средства се утврдени во Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година, Правилникот за поблиски критериуми за избор на корисници по мерките за рурален развој и Правилникот за поблиските дополнителни услови за поддршката од мерките за рурален развој, прифатливите трошоци и висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник за поединечна мерка.

Еден корисник поднесува посебно барање за секоја мерка во оригинал. Еден корисник може да поднесе најмногу две барања за користење на поддршка по различни мерки од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година.

Барателите кои ги исполниле условите за користење на средства се рангираат со бодување утврдено во Правилникот за поблиски критериуми за избор на корисници по мерките за рурален развој.

Финансиски средства не се исплаќаат доколку барателот има неподмирени обврски кон Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## V. ПОДИГНУВАЊЕ НА ОБРАСЦИ И УПАТСТВА

Обрасците „Барање за користење на средства” и „Барање за исплата” со листата на потребни документи и Упатството за корисниците може да се подигне на веб страната на Агенцијата www.ipardpa.gov.mk или www.pa.gov.mk како и во најблиските регионални центри или работни единици на Агенцијата за поттикнување на развој во земјоделството секој работен ден од 8:30 до 16:30 часот.

Горенаведените обрасци може да се подигнат и директно во Агенцијата на адреса секој работен ден од 8:30 до 16:30 часот:

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,**
**бул. „ 3-та Македонска бригада“ бр.20**
**(зграда на Македонија Табак блок Ц )**
**1000 Скопје**

## VI. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ

Пополнетите барања за исплата од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година на македонски јазик заедно со целокупната потребна документација се доставуваат во затворен плик со назнака на предната страна на пликот во горниот лев агол “НЕ ОТВАРАЈ“ за Јавен повик број 04/2013 и назначување на кодот на мерката за која се поднесува барањето. Барањето може да се достави по пошта или лично во писарницата на Агенцијата, во спротивно Агенцијата не презема одговорност за затурање или предвремено отворање на барањето.

**Крајниот рок за доставување на барањата за исплата на поддршка за набавен приплоден добиток во период од 1 мај 2012 година до 1 јуни 2013 година и за подигнати нови лозови и овошни насади и медоносна флора (фацелија, еводија и багрем) на нови површини во период од 1 септември 2012 година до 1 јуни 2013 година е 30 септември 2013 година.**

**Краен рок за поднесување на барања за набавен приплоден добиток и за подигнати нови лозови и овошни насади и медоносна флора (фацелија, еводија и багрем) на нови површини во 2013 година е 31 декември 2013 година.**

**Краен рок за поднесување на барања за набавка на пчелни матици е 30 септември 2013 година.**

**Барањата доставени по предвидениот рок нема да бидат разгледувани.**

Подетални информации на контакт тел. (02) 3097-460 или на контакт е-маил адреса: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk и на веб-страната: www.ipardpa.gov.mk или www.pa.gov.mk.

Контакт:

Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Сектор за одобрување на исплата.

Телефон: 02 3097 - 460, секој работен ден од 10.00 до 14.00 часот

Е-пошта: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk